РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО СРЕДНО УЧИЛИШТЕ
"ЈОВЧЕ ТЕСЛИЧКОВ"
Бр. 08-812/2
05.12. 2023 год.
ВЕЛЕС

ОСУ „ЈОВЧЕ ТЕСЛИЧКОВ"- ВЕЛЕС

# Програма за изведување на училишна екскурзија во учебната 2023/2024 за учениците од II (втора) и III (трета) година при ОСУ „Јовче Тесличков"- Велес

Согласно со чл.6 од Правилникот за изведување на училишните екскурзии на учениците од средните училишта (07 - 9992/3 од 05.06.2014), програмата содржи:

## 1. Воспитно-образовни цели на училишната екскурзија:

Социјализација и дружење меѓу децата, едукација и забава. Да се подобри дружењето помеѓу учениците надвор од училишната средина, да се развијат позитивни навики за соживот. Да се стекнат нови знаења, да се збогатат оние што веќе ги знаат од училиште со тоа што ќе можат одблиску да се запознаат со убавините, спомениците, природниот свет и друго.

## 2. Задачите на училишната екскурзија се остваруваат преку:

Развивање интерес за природата и градење еколошки навики, градење чувство за сакање на својата земја, толеранција и соживот, поттикнување и манифестирање на позитивни емоции, развивање позитивен однос кон националните естетски вредности, социјализација, рекреација и создавање навики за здрав живот.

## 3. Содржини и активности:

Посета и разгледување на градот Охрид, стариот град, античкиот театар, Манастирот „Плаошник" и црквите „Св. Јован Канео" и „Св. Софија", Спомен куќата на Григор Прличев, Алипашината џамија, Самоиловата тврдина. Посета на Тетово и Шарената џамија, манастирот Св. Јован Бигорски, посета на Вевчани и Вевчанските извори, посета на Музејот на Коските, посета на Битола и Широк сокак.

## 4. Раководител, наставници, ученици:

Раководител на екскурзијата: Жаклина Ивановска Зафирчева
Одговорни наставници: Класни раководители на II (втора) и III (трета) година
Учесници во екскурзијата: Учениците од II (втора) и III (трета) година и класните раководители
Број на ученици: околу 60 (проценка)

**5. Времетраење на екскурзијата:**

2 дена (еден работен ден и еден неработен ден).
Време на изведување на екскурзијата: Мај 2024 година;

**6. Локации за посета и правци на патување**

**Правци на патување: Велес – Тетово – Вевчани – Охрид – Битола – Велес.**

Локации за посета:
Предлог агенда за изведување на екскурзијата:

**1 ден.**
- поаѓање од Велес
- посета на Тетово и Шарената џамија
- попатно посета на манастирот „Св.Јован Бигорски“
- посета на Вевчани и Вевчанските извори
- ручек во Вевчани
- пристигнување во Охрид и сместување во хотел
- посета на Плаошник, Самоиловата тврдина, Музеј куќата на Робевци, црквите „Св. Јован Канео“ и „Св. Софија“, Алипашината џамија
- разгледување на градот
- вечера во хотелот
- посета на дискотека
- ноќевање во хотел во Охрид;

**2 ден.**
- појадок во хотелот во Охрид
- поаѓање од Охрид
- посета на Музејот на Коските
- посета на Битола
- прошетка на Широк сокак
- пристигнување во Велес

При посетата на овие локалитети, учениците преку предавања од страна на стручни лица ќе се запознаат со природните, историските, географските и културните одлики во овој регион што ќе придонесе за збогатување на знаењата на учениците преку негување на традицијата, запознавање на природните богатства на нашата земја и нивно културно издигнување во општествениот систем на живеење.

**Напомена:** Агендата може да претрпи мали измени

**7. Техничка организација:**

Согласно Правилникот за начинот на изведување на училишни екскурзии за учениците од средните училишта, стручниот тим формиран со одлука на Училишниот одбор, ќе ги превземе сите потребни постапки за реализација на истата. Патувањето ќе биде со современи автобуси кои ги исполнуваат потребните стандарди, во придружба на лице од агенцијата и лекар.

**8. Начин на финансирање**:

Екскурзијата во целост ја финансираат родителите / старателите на учениците.

**Програмата ја подготвија:**

Директор: м-р Васко Трајковски

Психолог: Катерина Ефремова

Раководител на екскурзијата: Жаклина Ивановска Зафирчева

Класен раководител: Марија Панчевска

Класен раководител: Македонка Миланова

Класен раководител: Радмила Андовска

Наставник: Горан Цветановски